**С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**20.01.2020 год.** **Бр.I**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 45-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 20.01.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 45-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 20.01.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-120/1 од 20.01.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 45-та седница, одржана на 20.01.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 43-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.12.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-110/3 од 20.01.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 20.01.2020 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет за изградба на Атмосферска и фекална канализација со пречистителна станица во н.м. Пресил, Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за изградба на Атмосферска и фекална канализација со пречистителна станица во н.м. Пресил, Општина Крушево – фаза фекална канализација со пречистителна станица.

**Член 2**

Општина Крушево го утврдува како приоритет проектот на **изградба на Атмосферска и фекална канализација со пречистителна станица во н.м. Пресил, Општина Крушево – фаза фекална канализација со пречистителна станица** за да може да аплицира за средства во согласност со Одлуката за дополнување на одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ склучен помеѓу Влада на Република Македонија и Европската инвестициона банка.

**Член 3**

По неговото одобрување од Европската инвестициона банка, проектот ќе се реализира со средства согласно со Одлуката за дополнување на одлуката за распределба на средства согласно Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ склучен помеѓу Влада на Република Македонија и Европската инвестициона банка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-110/5 од 20.01.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна

1. Заклучок за објавување на актите донесени на 45-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………….. 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 43-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.12.2019 година …. 1
3. Одлука за проширување на средствата на Бџетот на Општина Крушево за 2020 година ………………………………………………….. 1
4. Одлука за утврдување на приоритети за изградаба на Атмосфеска и фекална канализација со прочистителна станца во н.м. Пресил, Општина Крушево ………………… 1

Редакциски одбор на Општина Крушево.